**ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**
**СОВЕТ НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**

**Бр. 08-573/17**
**26.12.2023 год**
**ПЛАСНИЦА**

Врз основа на член 36, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.05/02), член 5 од Законот за даноците на имот ("Службен весник на РМ" бр. 61/04, 92/07, .....„Службен весник на РСМ" бр. 151/21) и член 16 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижниот имот (Службен весник на РМ бр. 54/12, 17/13, 21/13, 142/14) и член 17 од Статутот на општина Пласница (Службен гласник бр. 02/2006 и 03/2019), Советот на општина Пласница на 24 - та седница одржана на ден 26.12.2023 година донесе:

# О Д Л У К А
## за определување на зони за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот на територија на општина Пласница за календарската 2024 година

### Член 1

Согласно Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижниот имот донесена од Министерството за транспорт и врски на територијата на Република Северна Македонија, се определува следната зона за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот на подрачјето на цела територија на општина Пласница:

- **Седумнаестта зона 15 бодови**

Утврдувањето на пазарната вредност според зоните се пресметува според пресметковни бодови по м2 функционална површина која се додава на утврдената градежна вредност.

### Член 2

Со денот на започнувањето на примената на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за определување на зони за утврдување на пазарната вредност недвижен имот на територија на општина Пласница за календарската 2023 година, со бр.08-99/14 од 27.02.2023 година донесена од Советот на општина Пласница.

### Член 3

Оваа одлука ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница, а ќе започне да се применува од 1 јануари 2024 година.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Џемаил Асаноски**